НАСКОРО ВО ИЗДАНИЕ НА "МИ-АН"

# Прва македонска општа енциклопедија

Tweet
Like 0 Share
28 септември 2005 - 00:00

ЕМЕЈНАТА ИЗДАВАЧКА КУЌА НА ЈОВАН ПАВЛОВСКИ, ИАКО И ПОНАТАМУ БАРА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА, ОДЛУЧИ ДА НЕ ЧЕКА САМО НА ДРЖАВАТА И ОВА КАПИТАЛНО ДЕЛО ДА ГО ИЗДАДЕ ВО СОПСТВЕНА РЕЖИЈА

"Мианова општа енциклопедија", во продукција на книгоиздателството "МИ-АН", е во фаза на приврпшување и се очекува да излезе од печат во февруари наредната година. Таа е првата македонска енциклопедија, со што, како што вели Јован Павловски, сопственик на оваа издавачка куќа, се реализираат и зборовите на Мирослав Крлежа: "На земја која што го реализирала проектот за енциклопедија широко и се отворени вратите да се вброи во цивилизираните земји". Едноставно, смета Павловски, задача на секоја земја е да издаде енциклопедија.
Материјалот е подготвен а моментално се врши последната редакција и лекторирање. "Миановата општа енциклопедија" ќе има околу 28 000 - 30 000 одредници, или околу 2 500 илустрирани страници. Таа содржи одредници и од антиката и античка Македонија, од историјата на Македонската православна црква, од историјата на римското владеење... Карактеристично е и тоа што околу 20 000 одредници се посветени на светски имиња, а 10 000 се од македонското поднебје. Значи, има јасно обоен профил на македонска енциклопедија. Документирани се и македонски учесници во шпанската граѓанска војна, македонски народни херои, членови на МАНУ, писатели, ликовни уметници, членови на македонското глумиште и други. Специфична е и по застапеноста на сеизмологијата, нумизматиката, филателијата, архитектурата и др. Посветено е доста внимание и на народната музика,

цезот, рок музиката, спортот, како области кои обично не се соодветно застапени во повеќето енциклопедии.
На изработка на ова дело веќе три години се ангажирани докажани стручњаци и млади научници. Меѓу нив се проф. д-р: Наде Проева, Јелена Лужина, Томе Андоновски, Вера Стојчевска-Антиќ, Александар Стојмилов и многу други, покрај стручњаците Соња Здравковска - Џепаровска, Соња Абаџиева, Владимир Крпач, Мишел Павловски, Славко Маринковиќ и др. Секој од нив си ја носи сета одговорност за авторскиот дел.

**Трета среќа**
"Конкурираме во Министерството за култура за конкурсот во 2006 година, и тоа ни е 3 пат да бараме финансиска поддршка за ова дело. Комисијата за издавачка дејност двапати ни го одби нашиот предлог, иако енциклопедиите и лексиконите беа приоритетни во рангирањето", вели првиот човек на МИ-АН, Јован Павловски.
За да го реализира овој скап издавачки проект, МИ-АН мораше да се задолжи со кредит во висина од околу 70 илјади евра. Се со цел, како приватна, семејна куќа на Македонија да и остават во наследство едно капитално дело.

Дејан ТРАЈКОСКИ

Like Share Be the first of your friends to like this.

## Поврзани



[Виничанка со уметнички мозаик победи во Италија]



[Концерт на Кристијан Антовски во Софија]



[Очајно семејство нуди плата од 50.000 фунти за бебиситерка, но...]




[Предолго ја чекала нарачката, па им "стегнала" тужба!]